До
*Градоначалникот на Општина Прилеп*
*Г-нот Марјан Ристески*
*Ул. „Питу Гули" бр.2*
*7500 Прилеп*

Прилеп, 09.05.2008

Предмет: **Јавна дебата „Подобри можности за Ромската заедница во Општина Прилеп"**

Пошитуван г-не Градоначалник

Во прилог на дописов Ви го доставуваме Извештајот од одржаната јавна дебата на ден 15, мај 2008 г на Ваш увид и постапување согласно донесените заклучоци.

Ви Благодариме за Вашата Соработка

И З В Е Ш Т А Ј

На ден 15.05.2008 во Прилеп беше одржана јавна дебата на тема **„Подобри можности за Ромската заедница во Општина Прилеп"** како дел од проектот ***Живеење во мултиетничка средина – Граѓани со еднакви права, можности и заштита***, финансиран од Европската комисија и Фондација Институт отворено општество на Македонија, во склоп на Проектна компонента 2: Лобирање и застапување и поттикнување на јавната свест.

Модератор на јавната дебата беше новинарот Игор Тасески

Пред 44 учесници, претставници на ЕЛС, институции и граѓански организации од Општина Прилеп, свое обраќање имаа Градоначалникот на Општина Прилеп г-нот Марјан Ристески на тема ***Залагањата и резултатите на ЕЛС Прилеп во насока кон подобрување на комунално-инфраструктурните и урбанистички условите за живеење во ромските населби Тризла 1 и Тризла 2 во Општина Прилеп***, Директорот на проектот г-гата Сунчица Костовска-Петровска со опфат на целите на проектот, директорот на ЈП за просторно и урбанистичко планирање Прилеп г-нот Бранко Нешкоски на тема ***Генерален и детални урбанистички планови на град Прилеп, степен на изработка и нивното значење како предуслов за легализација на дивоградбите во Општина Прилеп со посебен осврт на ромските населби***, а свои воведни излагања во рамките на темата и целта на јавната дебата изнесоа воведничарите: г-динот Дејан Гаџовски од Министерството за животна средина и просторно планирање (воедно и претставник на Националниот комитет за човекови населби Хабитат) на тема ***Обезбедување на рационално уредување и користење на просторот, домувањето и хуманото живеење на граѓаните како социјално право***, г-ѓата Ленче Бајкова, советник во секторот за стамбено комунални работи и инфраструктура при Министерството за транспорт и врски на тема ***Декада за вклучување на Ромите-домување***, г-динот Сами Јашароски од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп на тема ***Состојби, проблеми, видувања и потреби во рмската заедница во Општина Прилеп*** и г-ѓата Лидија Котеска, член на локалниот мониторинг тим на проектот на тема ***Улогат и задачите на локалмите мониторинг тимови од апект на проектот за регионот Прилеп***.

На дебатата се дискутираше

- За основното и средното задолжително образование и степенот на постигнати резултати кај децата од ромска националност; потреби од стипендирање и донирање на училишен прибор на ученици од ромската етничка заедница во сите степени од образовниот процес како мотивација кај учениците и студентите за нивно поголемо ангажирање во освојување на сознанија; за напорите и придонесот од страна на наставниците и училиштата во насока на поспешување на резултатите кај учениците од ромската заедница но и за незаинтересираноста кај учениците и родителите овие ученици да завршуваат образование во поголем број и покрај тоа што со закон се обврзани на тоа; За бонус трансвер системот за корисниците на социјална помош; За изборен јазик во трето одделени; За обезбеденоста на ученички места во средното образование за завршените осмоодделенци;
- За недоволното владеење, усмен и пишан, ромски јазик меѓу ромите и потребата од дополнително едуцирање за негово совладување за сите возрасти
- За потребата од вложување на заедницата во едукација на возрасните роми и ромки како допринос за подобро воспитување и грижа кон младите генерации, учениците и средината во која што егзистираат. Неедуцирана мајка – неедуцирани деца
- За сиромаштијата, самохраните родители, деца без родители и социјалните случаеви – самата социјлна помош како вредност не ги задоволува секојдневните основни животни потреби,
- За хендикепираните случаеви и некои злоупотребувања од страна на работодавците кои уживаат законски привилеги
- Невработеноста помеѓу ромите и нивното работно ангажирање за претежно физички работни задачи но и за допринсот и усилбите на Агенцијата за вработување за едуктивно и работно ангажирање како на инвалидизирани така и на неинвалидизирани лица, деца без родители или самохрани родители според квалификациите и степенот на образование, за ромскиот информативен центар, за потребата од самовработување и помошта која што агенцијата за вработување е спремна да ја пружи преку градење на бизнис планови и сратегија на бизнис.
- За здравствената заштита и нејзиното подобрување - здравственото советовалиште да прерасне во амбуланта со брза помош во која би се работело во смени
- За недоволната застапеност на ромите во институциите,
- За доизградба на инфраструктура за водоводна и електрична мрежа во ромските населби во општината
- За потребата од вложувања во спортска објекти (стадион за ФК Пролетер, сала) и простории за културно уметничкото друштвои Нов Живот
- За остварувањето на Акциониот план за станбената политика за социјално загрозените групи
- За хигиената и комуналните услуги во населбите во кои живее мнозинството на роми, за состојбата со изградбата на канализацијата и асфалтирањето на уште многу улици во овие населби
- За придобивките и постигнатите ефекти од Ромската декада 2005-2015, од донциите на УСАИД
- За улогата, заложбите и постигнувањата на НВО секторот и здруженијата на граѓани во надминувањето на состојбите за ромската заедница
- За улогата и задачите на советниците од ромска националност и потребата од вработување на референт за ромски прашања во ЕЛС.

Препораки кои што се донесени на јавната дебата

- Да се побара информација за доследнос во реализацијата на Акциониот план за реализација за Ромската населба Тризла 2, што е проектирано, што е реализирано;
- Да се иницира дополнување на Акциониот план за Ромската населба Тризла 2 во соработка со ЕЛС;
- Заклучоците од јавната дебата да бидат доставени до сите учесници и до ЕЛС како надлежна институција за решавање на овие прачања односно ЕЛС ќе ги проследи до оние институции кои за одредени прашања се надлежни;

Заклучоци од јавната дебата

- Доследно почитување и спроведување на законските регулативи кои посебно го опфаќаат основното и средното задолжтелно образование, социјалната помош и вработувањето;
- Да се напрват напори преку ЕЛС за обезбедување на едукација за возрасни припадници на ромската заедница во Тризла 2
- ЕЛС во соработка со бизнис секторот да покрени иницијатива за обезбедување на степендии за дел ученици припадници на ромската националност опфатени во средно и високо образование како мотивација за зголемено редовно и успешно посетување на наставниот процес, зголемување на процентот на едуцирани граѓани од оваа група, нивно полесно вработување, создавање на предуслови за подобра иднина;
- Зголемена контрола кај работодавците во однос на исплатите на плати и надоместоци за лица кои се вработени по основ на хендикеп

- ЕЛС преку Комуналец и граѓаните на Тризла 2 во заедничка соработка со вклучување на активисти од НВО секторот кои делуваат во оваа урбана заедница да организираат акција за чистење на населбата како придонес кон заштита на животната средина и зголемување на еколошката свест кај жителите од населбата;
- ЕЛС во рамките на своите можности да вработи референт задолжен за ромски прашања;
- За подобрување на условите на жвеење во месностите Три Багреми и Крклари ЕЛС да се заложи кон подобрувањето на инфраструктурните состојби со канализацијата, а особено за снабдувањето со вода и струја;

Организаторот преку анонимни прашалници изврши евалуација на настанот. Евалуационите резултати покажаа дека учесниците како генерална оценка, сведена по петте прашања, се значајно задоволни од аспект на очекувањата, ефикасност на водењето, нивното активно учество, воведните излагања и од конструктивноста на расправата. Вакви евалуациони прашалници пополниле 62% од присутните. Националната структура на учесниците била 66% македонци и 34% роми, 68% од учесниците се просечната старост од 21 до 50 години и од нив 52% биле со средна стручна наобразба.

ФИОО-М ја имплементираше јавната дебата во соработка со Фондација за поддршка и развој од Прилеп (поранешен Центар за поддршка на НВО-Прилеп) и истата траеше во времетраење од 3 часа, во хотел „Кристал Палас“ Прилеп.

Фондација за поддршка и развој Прилеп
Локален координатор
Александар Рибароски

European Union Mission

The project is funded by European Commission (EIDHR – Campaign 4: Advancing Equality, Tolerance and Peace) and FOSIM
Project office: FOSIM, Civil Society Program, Blvd. Jane Sandanski 26/2-2, 1000 Skopje, tel/fax: 02/2403010,
email:lme@sonet.com.mk, www.podistosonce.org.mk